| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимски радости |
| **Содржина на денот** | Танцот на снегулките |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Татјана Јовановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како да се заштитеме и како да го чуваме нашето здравје (треба да јадеме храна богата со витамини,да спортуваме,да се облекуваме во топла облека) . |
| **Активности** | На почеток на активноста водиме разговор за годишното време зима,за промените на природата, какво е времето,дали се радуваме кога врне снег.<br>Продолжуваме со обработка на текст: „Танцот на снегулките” од авторот Евгенија Шуплинова. Кога ќе го прочитаме текстот водиме разговор за содржината и ликовите на приказната, го поттикнуваме детето на дијалог преку кој ќе ја прераскажеме приказната.<br>Во продолжение можеме да му понудиме на детето да изработи зимски постер. Може од разни списанија, сликовници да најдеме слики, апликации, кои ќе ги исечеме и ќе ги залепиме на хамер. Ќе го украсиме со разни стикери и можеме да го прашаме детето зошто ја сакаат зимата и неговитеодговори да ги запишеме на постерот. |